# МУЗИКА

СОКОМ
СОЈУЗ НА КОМПОЗИТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Издавањето на списанието го помогна
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# МУЗИКА
## списание за музичка култура

**Издавач:** Сојуз на композиторите на Македонија • **Издавачки совет:** Проф. д-р Димитрије Големовиќ (Србија), Проф. д-р Магда Сухиашвили (Грузија), Доц. м-р Сони Петровски • **Редакција:** Марко Коловски (Одговорен уредник), д-р Младен Марковиќ, д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, д-р Викторија Коларовска - Гмирја • **За издавачот:** Сони Петровски • **Лектура:** Даница Андевска • **Техничка обработка:** Методија Ачевски • **Секретаријат:** Лазар Мојсовски • **Адреса:** Ул. Максим Горки бр. 18, 1000 Скопје • **Печати:** „РИ - ГРАФИКА“ - Скопје

# СОДРЖИНА

**СТУДИИ** 7 - 79

Марко Коловски
МЕТРОРИТМИЧКИТЕ ОСОБЕНОСТИ НА ПОСЛЕДНИТЕ ДЕЛА ОД ОПУСОТ НА АЛЕКСАНДАР ЛЕКОВСКИ . . . . . . . . . . . 7

Стефанија Лешкова-Зеленковска, Аида Ислам
ПОТТИКНУВАЊЕ НА ДОМАШНОТО УМЕТНИЧКО МУЗИЧКО ТВОРЕШТВО ПРЕКУ КОНКУРСИТЕ ЗА ОТКУП НА НОВИ ДЕЛА 2014-2015 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 20

Валентина Велковска-Трајановска
ПРИСУТНОСТА, УПОТРЕБАТА И УЛОГАТА НА ГУДАЧКИТЕ ИНСТРУМЕНТИ ВО ДЕЛ ОД ОРКЕСТАРСКОТО ТВОРЕШТВО НА ТОМИСЛАВ ЗОГРАФСКИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 29

Томе Манчев
ХАРИЗМАТА НА ВЕЛИКИОТ ВИТОЛД ЛУТОСЛАВСКИ . . . . 50

Весна Маљановска
ЗАБАВНАТА МУЗИКА ВО МАКЕДОНИЈА ОД ПОЧЕТОЦИТЕ ДО ПОЈАВАТА НА СКОПСКИОТ ФЕСТИВАЛ . . . . . . . . . . . . . . 60

Горанчо Ангелов
ЗУРЛА - МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТ НА ЕДЕН ЕТНОС ВО Р. МАКЕДОНИЈА И Р. БУГАРИЈА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 67

**КРИТИКИ - ДММ 2016** 80 - 110

Младен Марковиќ
ГЛИШИЌ, ВУЧИЌ & ПЕР-ЕКС И ДУХОВИТЕ ОД МИНАТОТО . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 80

Тина Иванова
КОНЦЕРТ ЗА ПАМЕТЕЊЕ СО ВРВНИОТ ПИЈАНИСТ ШТЕФАН ШЛАЕРМАХЕР . . . . 84

Стефанија Лешкова
КАМЕРЕН КОНЦЕРТ (2:3) . . . . 88

Тина Иванова
РАЗНОВИДНОСТ, ИНОВАТИВНОСТ, АТРАКТИВНОСТ СО „КОН ТЕМПОРА“ НА ДММ . . . . 91

Марко Коловски
КАЈ ШТО ПРЕСТАНУВА ЗБОРОТ ЗАПОЧНУВА МУЗИКАТА! ДАЛИ? (Кон концертот на квартетот „МИВОС“ – ДММ 2016) . . . . 94

Јана Коловска
ПОГЛЕД КОН ИДНИНАТА (За концертот на младите композитори на „Денови на македонска музика“) . . . . 97

Ангелина Димоска
ИЗРАЗЕНА ИНДИВИДУАЛНОСТ, НО И ПОТРАГА ПО ЛИЧЕН МУЗИЧКИ СЕНЗИБИЛИТЕТ . . . . 100

Младен Марковиќ
ОД ПИТАГОРА ПРЕКУ ЕВАТОРИЈАЛНАТА РАМНИНА ... ДО ПОСЛЕДНАТА СТАНИЦА НА ВОЗОТ (ДММ 2016: Концерт на акузматична музика) . . . . 102

Дојрана Прокопиева
ВПЕЧАТЛИВИ ТВОРЕЧКИ ИЗБЛИЦИ . . . . 105

Марко Коловски
БРАВО МАЕСТРО! . . . . 108

**КНИГИ** 111 - 121

Јане Коџабашија
ПРОМОЦИЈА НА КНИГАТА „ТРАГИ ВО ЗВУКОТ“ ОД МАРКО КОЛОВСКИ . . . . 111

Едмонд Бухараја
МЕДИТАЦИЈА ЗА МОЈАТА УМЕТНОСТ ОД БЕКИМ РАМАДАНИ . . . . 114



д-р Стефанија Лешкова - Зеленковска

## РАЗЛИЧНИ КОНЦЕПЦИИ, РАЗЛИЧНИ КРЕАТИВНИ АФИНИТЕТИ

Третата вечер на годинашново издание на фестивалот Денови на македонската музика, кое по 39-ти пат го организира Сојузот на композиторите на Македонија (СОКОМ), се одржа во саботата на 2-ри април во Музејот на град Скопје. Концертот беше под знакот на камерната музика со поголем број премиери и добитници на награди на Конкурсите за откуп на нови музички дела на Министерството за култура на Р. Македонија. Програмската концепција опфати дела од различни генерации на македонски композитори, некои од нив, како Благој Цанев и Љубомир Бранѓолица, со својот креативен афинитет, познавање на музичката литература, разбирањето и апсолвирањето на малите камерни состави, се веќе докажани на полето на камерното творештво.

Концертот започна со Деветте минијатури за две виолини (2013) од Благој Цанев кое, според авторот, претставува прво дело во македонската музика за ваков ансамбл. Тоа е транскрипција на познатото и многу изведувано дело за пијано од авторот, односно транскрипција за гудачки оркестар, составено од триставните суити: Фолклорната Овчеполска (1952), Суита Интермеца (1971) и Три Пиеси (1970). Фолклорната, со деловите Игра, Песна и Игра, која е воедно и првата напишана и наградена композиција во опусот на Благој Цанев, се одликува со рустикален фолклор, а поднасловот е од неговото родно место. Втората суита е составена од француските игри Гавота, Лур и Менует, кои интермецно се употребувани во класичните суити. Третата суита е комбинација на три различни по карактер пиеси: Хумореска, Елегија и Токатина. Инспирацијата за создавањето на ова дело авторот ја добил од изведбата на минијатурите за две виолини од Бела Барток со дуото Ана и Олег Кондратенко, кои, пак, на минатогодишниот Интерфест во Битола настапија само со пет од овие девет минијатури. Всушност, Деветте минијатури за прв пат во целост ги изведоа вечерта двајца млади и талентирани виолинисти Симон Поповски и Александар Иванов кои се претставија со еден сигурен и професионален пристап кон музичката материја. Технички прецизни, особено во брзите ставови со нагласена ритмика и сложени штрихови, со впечатлива боја на тонот и звучниот тембр, дуото покажа и

префинето чувство за камерно музицирање. Веќе со сигурност можеме да се пофалиме дека имаме млади виолинисти, особено Иванов (2000), кои се на патот кон освојувањето на највисоките цели на виолинската уметност.

Второто дело вечерта беше Пеперутка (2015) за флејта и пијано на Тодор Трајчевски во изведба на Марија Јакимовска и Сара Николовска – Пројковска, инаку прва композиција за камерно дуо од авторот. Секој дел во Пеперутка беше изграден врз карактеристична тема која се повторува во разни варијации, наместа обоени и во звукот на нашиот фолклор, иако може да се каже дека тоа не беше основната ориентација на авторот. Во целиот спектар на идеи, според зборовите на Трајчевски, „главната водилка за настанувањето на трите дела на Пеперутка се тежината и сериозниот пристап, воедно да биде прифатливо за секоја публика, пријатно за увото на секој слушател, во жанрот на популарната класика“.

Во истата година е создадено и делото Бел камен (2015) на композиторот Драган Стојковски за кларинет и пијано, кое премиерно го изведоа Љупчо Чедомирски и Марија Вршкова. Композицијата започнува со вовед во кој се најавуваат двете први теми, а потоа следува настап на третата тема. Темите меѓусебно се спротивставуваат со различните темпа брз-бавен-брз, кои дуото Чедомирски - Вршкова успешно ги доловија во еден избалансиран однос и музички сензибилитет. Заедничко за целата композиција е постојана употреба на целостепена скала (во сите теми) и чувство на отвореност и незавршеност, како што вели самиот автор „исто како на површината на некој камен, на кој секоја точка може да биде почеток, но и крај, односно да нема свој почеток и крај“.

Од стилски аспект, делото Сонатина за саксофон и пијано (2015) на Гоце Симоновски се навраќа кон првата половина на 20-ти век, особено неокласицизмот. Авторот вели дека ваквиот стилски израз е интенциозно употребен и претставува посвета на драг пријател. Иако ставовите во делото се меѓусебно контрастни, генерално во формата преовладува сликовитост и лиричност нагласени во мелодиската линија, кои прецизно ја истакнаа Нинослав Димов, саксофон, и Емилија Потевска - Попивода, пијано, со ритмичка апсловираност на сложената фактура во брзите темпа.

Концертот го заокружи Суитата од балетот Дубровничка легенда (2013) за дувачко трио во изведба на Татијана Петрушевска - обоа, Игор Бакревски – кларинет и Марјан Милошевски – фагот. Неоромантичниот звук, проткаен со архаични мелодии и медитерански амбиент, композиторот го презема како стилски постулат од истоимениот балет и вешто ја распределува музичката материја за дувачка камерна формација. Кон овој впечаток придонесе сугестивниот израз на изведувачите, нивната координираност и синхронизирана ансамблова интерпретација.

Одамна е завршена трката во настојувањата на современите музички дела по секоја цена да носат нешто ново и различно. Денес современото музичко творештво дава целосна слобода во изборот на стилот и жанрот

на композиторот кои единствено се детерминирани од личниот афинитет, од нивото на музичката едукација и совладаниот „занает", од некој музички тренд и од соработката со одредени репродуктивни уметници. Но таа слобода истовремено обврзува во следење на современата европска, па и светска музичка сцена, континуирана размена на информации, (која денес со Интернетот е брза, лесна и едноставна), откривање нови идеи во збогатување на сопствениот пристап, како и во континуирана соработка со изведувачите бидејќи тие се пресудни за финалниот изглед на делата. Затоа, при секое раѓање на ново дело може да се дадат забелешки кои произлегуваат само од нашите лични вкусови, лични сознанија за она што се случува во сферата на современата музика преку квалитетот на уметничката изведба, но треба да помине една временска дистанца која практично сама по себе ќе ги оправда неговото место и ставот на музичката критиката. Во очекување на тоа време, ќе кажеме дека присуствувавме на еден приемлив концерт на современа музика, кој понуди пријатно уметничко доживување, солиден степен на техницизам и впечатлив настап на четирите камерни дуети и дувачкото трио. Токму она што радува и влева ентузијазам, по овој концерт, е фактот дека имаме професионален репродуктивен потенцијал, оформени камерни формации со афинитет кон современата музика, поради што очекуваме во иднина да бидат поттик за македонските композитори во создавањето нови камерни дела.

Овој текст ќе го заокружиме со размислите за слабиот интерес на публиката и на третата фестивалска вечер на ДММ. Во оваа пригода не можеме детаљно да ги елаборираме причините бидејќи тоа бара дополнителни показатели кои навлегуваат длабоко во комплексната природа на овој феномен. Доколку се обидеме само бегло да нафрлиме некои, тргнувајќи од целта на фестивалот која е во претставувањето на најновите творечки идеи на публиката, тие првенствено би произлегле од непостоење долгорочна стратегија за поттикнување интерес кон овој вид творештво и регрутирање на публика, а потоа и слабата пропаганда во средствата за јавно информирање (кои се задоени со музичкиот шунд), јасно таргетирана целна група и програмската концепција. Кај музичката фела, пак, особено членовите на СОКОМ кои се дел од овој единствен фестивал замислен како огледало на нивниот креативен труд, но и кај изведувачите на современа музика, сметаме дека треба да надвладеат професионалната етика и чувство за колективна припадност, зашто само на тој начин ќе се врати ентузијазмот и ќе се разбере смислата на ДММ и правецот по кој треба да се движи во иднина. Но, бидејќи сме на почетокот на оваа значајна манифестација на која претстојат уште осум концертни вечери, во овој момент ни останува да се надеваме дека новите креативни дострели и најавените изведувачи, сепак, ќе успеат да ги раздвижат фестивалската атмосфера и размената на музичките вибрации меѓу учесниците и публиката.